# Во вакви времиња, во ред е да се биде малку несигурен.

## Можеби сте малку под стрес, вознемирени или тажни.



Но, што ако тие чувства станат многу силни или траат подолго?

Што поскоро побарате HeadtoHelp, толку подобро ќе се чувствувате.

**Јавете се на 1800 595 212**

и најдете најдобра поддршка за ментално здравје.

HeadtoHelp

HeadtoHelp

1800 595 212

| Разговарајте | Одредете го нивото на помошта што ви треба | Поврзете се со служба што е најдобра за вас |
|---|---|---|
| Професионално медицинско лице ќе ви постави прашања. Информациите што ќе ги дадете ќе нѝ помогнат да разбереме каква поддршка најдобро ќе ги задоволи вашите сегашни потреби. | Ако сте вознемирени подолго време или имате симптоми кои почнале да влијаат на вашиот живот, физичко здравје или врски, може да ве поврземе со служби што можат да помогнат. | Вашиот третман и поддршка може да бидат организирани преку постоечки служби или преку еден од HeadtoHelp центри. |

**HeadtoHelp не е служба за кризни ситуации. Ако ви треба итна помош или сте во опасност да се повредите себеси или други, ве молиме јавете се на 000.**

HeadtoHelp е служба што дава бесплатни услуги на Викторијци од сите возрасти, кои се можеби вознемирени или имаат нарушено ментално здравје.

HeadtoHelp ќе ја земе предвид финансиската ситуација на лицето ако препорача други услуги што се плаќаат.

Нашите тимови вклучуваат медицински сестри за ментално здравје, социјални работници, работници на возраст слична на корисникот, работници за алкохол и други дроги, и други професионалци од здруженото здравство кои соработуваат со доктори од општа пракса и психолози, за да ви помогнат преку telehealth или на лице место во еден од нашите центри.

## За повеќе информации јавете се на **1800 595 212** или на веб-страницата **headtohelp.org.au**

Australian Government

phn
An Australian Government Initiative

HeadtoHelp е заедничка иницијатива на Мрежите на примарно здравство на Викторија (Victoria's Primary Health Networks) и финансирана од Австралиската влада.